**ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ**
**од седницата на**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
одржана on-line, преку платформата ZOOM, на 18.12.2020 година (14:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа (понатаму Совет), трета во текот на 2020 година, поради актуелната состојба предизвикана од глобалната пандемија на COVID-19, се одржа on-line користејќи ја платформата за организирање на виртуелни состаноци Zoom. Седницата ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 9 (девет) членови.

**Дневен ред** на Седницата:

1. Усвојување на Записникот од втората Седница на Советот одржана на 21.7.2020 год.,
2. Информации за спроведени активности во изминатиот период,
3. Активности и насоки за понатамошна работа,
4. Разно

Пред отпочнувањето на дискусијата по однос на точките на дневниот ред, присутните членови беа информирани дека Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) доставил нови номинации за нивни претставници - членови на Советот за безбедност и здравје при работа. Истите ќе можат да присуствуваат на седниците и да учествуваат во дискусиите, но ќе немаат право на гласање сè додека формално не се заокружи постапката на нивно именување за членови на Советот, т.е. додека од страна на Владата на Република Северна Македонија не се усвои соодветно Решение за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа и истото не биде објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

### 1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 21 јули 2020 година

Записникот од Седницата на Советот за БЗР која се одржа на 21.7.2020 година беше едногласно и без забелешки усвоен од страна на членовите на Советот.

### 2. Информации за спроведени активности во изминатиот период

Во овој дел, повеќе од членовите презентираа кратки информации за различни активности кои беа реализирани во изминатиот период во областа на безбедноста и здравјето при работа, пред сè во периодот помеѓу двете одржани седници на Советот. Сите членови констатираа дека и во делот на БЗР, како и во сите останати области, оваа година изминува целосно во знакот на светската пандемија на болеста COVID-19 и сите напори, мерки и активности кои се спроведуваа и се спроведуваат во насока на превенција и заштита на населението и стопанството и намалувањето на негативните последици и ефекти од оваа здравствена и економска криза. Во овие услови, особено се потенцираше важноста и улогата и на безбедноста и здравјето при работа, како еден од најзначајните елементи во ова време за превенција и заштита на работниците на нивните работни места.

Членовите на Советот беа информирани за успешно реализираната постапка за доделување на *Наградата на компании со најдобра пракса за БЗР*, која оваа година поради специфичноста на условите и состојбите иако беше планирано, како и секоја година, да се спроведе во периодот март/април најпрвин беше одложена поради појавата на пандемијата и воведувањето на вонредна состојба со бројни ограничувања, но подоцна во текот на годинава, таа сепак се реализираше во целост и наградите на трите прворангирани компании беа доделени во октомври, за време на одбележувањето на Европската недела за БЗР. Оваа година, согласно одлуката на Советот, комисиите за оценка беа составени исклучиво од стручни лица по безбедност при работа и лекари-специјалисти по медицина на трудот, кои одлично и крајно професионално ја извршија својата задача. Рангирањето на компаниите се направи, исто како и минатата година со помош на експертскиот модел за оценка на системите за БЗР, развиен на Машинскиот факултет. Специфично беше и тоа што во прашалниците за оценување на компаниите, беше додаден и нов модул кој се однесува на имплементацијата на мерки

и активности за превенција и справување со заразата со COVID-19.  Согласно рангирањето, наградени со плакети оваа година беа компаниите Гранит, Млекара Битола и Макстил.

Во продолжение беа презентирани повеќе дополнителни информации за бројни активности реализирани во изминатиот период, меѓу кои:

- активности и проекти реализирани од страна на факултетите кои имаат студиски програми за БЗР;
- информации за активностите кои се поврзани со отпочнатиот процес на ревидирање на Законот за безбедност и здравје при работа;
- активностите и ангажманот на Државниот инспекторат за труд и трудовите инспектори во борбата и напорите за заштита и справување со пандемијата;
- споделени беа и информации за активностите во изминатиот период на Министерството за труд и социјална политика, како контакт точка (*focal point*) на Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA),
- беа споделени и информации за активностите поврзани со медицината на трудот, како и со здравството и исклучително значајната и тешка улога и задача која во целиот овој период ја извршуваат сите здравствени работници, кои се во првите редови на секојдневната борба со вирусот и болеста COVID-19;
- и други.

**3. Активности и насоки за понатамошна работа**

Во делот на активности кои престојат во наредниот период, пред сè во текот на наредната година, присутните се осврнаа на неколку позначајни прашања. Меѓу нив, секако обврската и неопходноста за понатамошно следење на состојбите поврзани со COVID-19 пандемијата, начинот на кој ќе се развиваат состојбите во иднина и како тоа понатаму ќе се рефлектира врз работните места и работниците во државата. Повторно беше афирмиран ставот за потребата од промени во однос на листата на професионални заболувања, со кои би се обезбедило признавање на заболувањето COVID-19 како професионално и за други професии и други работници, освен здравствените.

Други сериозни и значајни активности кои претстојат во делот на безбедноста и здравјето при работа во наредниот период, се продолжување на консултациите и носењето на нов Закон за БЗР, но исто така и изготвувањето на нова Стратегија и Акциски план за безбедност и здравје при работа, имајќи во предвид дека периодот на важност на тековната Стратегија и АП изминува и тие треба да бидат заменети со нови стратешки документи кои ќе ги утврдат приоритетите и правците на делување и понатамошен развој во областа за наредниот период.

Присутните беа информирани и дека во МТСП пристигнат предлог-текст на нов Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар, кој е изработен и доставен како предлог од страна на здружението на стручни лица „ТУТЕЛА“. Истиот ќе биде дистрибуиран и до сите членови на Советот за да се обезбедат дополнителни консултации и мислења по однос на текстот на предлог-Правилникот.

**4. Разно**

Во рамки на оваа точка од дневниот ред беше информирано дека е изработена пишана *„Процедура за доделување на Националната награда за компанија со најдобра пракса за БЗР“* и во документот се разработени и пропишани постапките во однос на различните фази од доделувањето на Наградата, како и начинот на постапување во одредени ситуации, како на пример во случај на недоволен број на пријавени компании (апликанти) во некоја од предвидените категории.  Откако ќе се доработи, Процедурата ќе им биде испратена на сите членови на Советот и тие ќе имаат можност да ја разгледаат и да достават свои евентуални забелешки, коментари или дополнувања, по што по електронски пат (e-mail) таа ќе може да биде и формално усвоена од страна на Советот за БЗР, за да може да отпочне и да се применува веќе од наредната (2021)година.

Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*